Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 104, 17 јуни 2013 година

јуни 2013 година
Штип

# СОДРЖИНА


**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за збор на еден наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна област - економика и организација на туризмот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно - стручно звање лектор за научната област романистика - шпански јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област методика и образование на наставници на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно – научната област применета кинезиологија (спорт, физичко воспитување, рекреација и кинезитерапија) на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 66

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звањаод наставно-научната област машински елементи и технички системи и производно машинство, технологии и системи на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 95

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент во наставно-научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 102

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно - научната област текстилни и технички влакна и композитни материјали на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 111

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област прехранбено инженерство на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 119

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Документациона основа за безбедно управување со квалитетот во национална лабораторија за лекови”, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .....125

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основните обележја на музичката меморија и нејзиното значење во едукацијата по пијано” од авторите проф. м-р Емилија Потевска и м-р Анита Накова и од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .....129

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Инженерство на материјали“ од проф. д-р Винета Сребренкоска и проф. д-р Емилија Фиданчевска, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .....131

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот меѓународно јавно право“ од д-р Дејан Маролов, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .....133

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот меѓународно јавно право“ од д-р Дејан Маролов, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .....135

**РЕЦЕНЗИЈА** на насловот „Меѓународни организации и интеграции“ на авторот Митко Кочовски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .....137

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата .....139

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

## НА НАСЛОВОТ „МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ИНТЕГРАЦИИ“ НА АВТОРОТ МИТКО КОЧОВСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Насловот **„Меѓународни организации и интеграции“ на авторот Митко Кочовски** обработен во седум тематски целини и базиран на релевантна литература од домашни и странски извори е изработен како скрипта во електронска форма за истоимениот предмет кој се изучува во третата студиска година на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на насоката Меѓународна економија.

Фокусиран е на еден значаен сегмент на науката за меѓународните односи кој се занимава со политичките, трговските и финансиските односи меѓу државите и нуди едно ново видување на меѓународната соработка, нејзината организираност и институционализираност.

Поаѓајќи од неопходните појмовни разграничувања, вниманието е посебно фокусирано на теоријата на меѓународната интеграција, што овозможува да се направи јасна дистинкција од феномените како што се суверенитетот и територијалниот интегритет, потоа феноменот на меѓузависноста, на влијателните чинители во меѓународните односи и на потребите од примена на различни трговски стратегии и режими. Авторот прави обид да допре до одговорите на суштинските прашања: што се крие зад заедништвото – интеграцијата, дали се тоа економските или политичките интереси, дали економските интеграции автоматски подразбираат и политички, или пак економските ги иницираат политичките или пак обратно, дали политичките интеграции отвораат простори и за економско поврзување, користејќи ги познатите теории на економската интеграција (реалистичката, реформистичката со познатите функционалистички и неофункционалистички гледања и радикалистичката).

Авторот исто така врши поврзување на потребата од примена на современите научнотехнолошки решенија во производството, кое наложува ангажирање на сè пообилни и поразновидни фактори на производството, при едновремена потреба од експандирачки пазар за производите и услугите, со процесите на меѓународното поврзување (и регионалните економски интеграции). Притоа тој ја истакнува слободната трговија како клучен развоен чинител на овие процеси, заради што посебно се задржува на разјаснувањето на поимите поврани со трговските стратегии и режими, како и на економската димензија на организирањето и интегрирањето на земјите како носители на тие процеси во меѓународни рамки, проширена со важните историски, политички, правни и други релевантни аспекти.

Заради комплексноста на состојбите во меѓународните односи, нивната меѓузависност и потребата од развој на соработката првенствено на економски план, предизвиците и противречностите на тој пат и импликациите за земјите-учеснички во тие процеси, авторот гради специфичен пристап кој вниманието го насочува кон феноменот на интегрирањето, меѓузависноста и поврзаноста и организирањето, со осврт на институционалните решенија и форми на кои тоа почива. Материјата во тој дел е заокружена со настаните и случувањата од поново време, како и со објаснувањето на каузалитетот на настаните, институционалните промени и реформи и развојот на економските и политичките односи на меѓународната сцена.

Процесите на меѓународното организирање и интегрирање се разгледувани низ призмата на глобалниот систем на меѓународните односи и феноменот на нивната глобализираност претставува вовед во изнесените содржини.

Глобализацијата е разгледана како планетарен процес и како нов феномен во меѓународните односи, но и како основна карактеристика на современите меѓународни економски односи.

Институционализацијата на меѓународните односи како повисок степен на регулирање на односите меѓу државите со кои се обезбедува превенирање на можните попречувања, оневозможувања или на друг начин доведувања во прашање на меѓусебната соработка на државите е следниот значаен аспект на материјата поврзана со меѓународните организации и интеграции.

Следи делот кој се однесува на Организацијата на обединетите нации како најзначаен експонент на напорите на светската заедница за унапредување на меѓународната соработка за решавање на проблемите од економски, социјален, културен и хуманитарен карактер и на позначајните меѓународни финансиски институции т.е. на онаа нивна димензија поврзана со процесите на меѓународното организирање, интегративните процеси и на развојот на трговијата.

Меѓународната трговска регулатива претставува наредно поглавје кое е фокусирано на регулирањето на трговските односи во размената, односно на меѓународната размена како определувачки услов за развојот на секоја национална, па и на меѓународната економија воопшто.

Облиците на меѓународното економско интегрирање претставуваат посебна тема на која ќе се надоврзуваат прашањата поврзани со историјата на интеграционите процеси на европскиот континент, институционалната структуираност на Европската унија, нејзините политики и начини на функционирање, значи една целосна ретроспектива на процесите на големото европско обединување од Римските договори до Меѓувладината конференција во Лисабон.

Евроинтеграцискиот процес како долгорочен стратешки интерес и приоритетна политичка цел на Република Македонија е завршната тема на материјата поврзана со меѓународните организации и интеграции.

## ЗАКЛУЧОК

Од претходно изложената презентација на рецензираниот труд „Меѓународни организации и интеграции“ може да се заклучи дека се работи за труд кој соодветно ја обработува проблематиката поврзана со организирањето и економското интегрирање во меѓународни рамки.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија оценува дека трудот „Меѓународни организации и интеграции“ ги задоволува критериумите потребни за негово објавување како универзитетска скрипта за соодветната научна област.

Со изнесените образложенија му предлагаме на Наставно-научниот совет на Факултетот да го прифати трудот како скрипта по предметот Меѓународни организации и интеграции.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Милан Илиески, с.р.**
**Проф. д-р Ристо Фотов, с.р.**

## П Р Е Г Л Е Д

**на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Ред. број | Единица на Универзитетот<br>Наслов на тема | Одлука бр. | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| | **Правен факултет** | | | |
| 1 | Европска полициска соработка врз основа на принципите и правилата на ЕВРОПОЛ (Правни и институционални реформи: Р.Македонија, Р.Естонија и Р.Словачка) | 1602-81/31 од 15.05.2013 | Проф. д-р Јован Ананиев | Александар Ванчовски |
| 2 | Ефектите од оценувањето на државните службеници во локалната самоуправа во Република Македонија | 1602-81/32 од 15.05.2013 | Доц. д-р Јадранка Денкова | Анетка Поповска |
| 3 | Пензискиот систем во РМ со акцент на третиот пензиски столб во општините од Југоисточна Македонија | 1602-81/33 од 15.05.2013 | Доц. д-р Андон Мајхошев | Верче Миткова |
| 4 | Компаративно правни аспекти на договор за лизинг | 1602-81/34 од 15.05.2013 | Доц. д-р Борка Тушевска | Дајанчо Ефтимов |
| 5 | Глобализација како основна карактеристика на современиот свет | 1602-81/35 од 15.05.2013 | Проф. д-р Љупчо Блажевски | Данче Јованова |
| 6 | Предизвикување лажен стечај: економско-казнени аспекти | 1602-81/36 од 15.05.2013 | Проф. д-р Љупчо Блажевски | Дејан Петров |
| 7 | Организираниот криминал во Република Македонија | 1602-81/32 од 15.05.2013 | Проф. д-р Тодор Витларов | Кристина Ристовска |
| 8 | Договорот за франшиза како дел од франшизинг дејноста | 1602-81/38 од 15.05.2013 | Доц. д-р Борка Тушевска | Луција Кашуба |
| 9 | Кривичното дело трговија со луѓе, како облик на организиран криминал во судската практика на Република Македонија | 1602-81/39 од 15.05.2013 | Проф. д-р Тодор Витларов | Милорад Анастасов |
| 10 | Меѓународната надлежност на судовите во услови на стечајна постапка во Република Македонија | 1602-81/40 од 15.05.2013 | Проф. д-р Љупчо Сотироски | Миле Николовски |
| 11 | Социјалните, религиозните, стручните и правните дилеми за „проблемот“ на евтаназијата | 1602-81/41 од 15.05.2013 | Проф. д-р Владо Петровски | Марјан Ристов |
| 12 | Спецификите на кривичната постапка спрема малолетните сторители на казнени дела | 1602-81/42 од 15.05.2013 | Доц. д-р Лазар Нанев | Марија Ташкова |
| 13 | Етичките стандарди на државните службеници во локалната самоуправа во Република Македонија | 1602-81/43 од 15.05.2013 | Доц. д-р Андон Мајхошев | Николина Тарчуговска-Милошевска |
| 14 | Создавање на независна Република Македонија | 1602-81/44 од 15.05.2013 | Доц. д-р Страшко Стојановски | Оливер Митев |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15 | Улогата на јавните финансии во монетарната политика на Р. Македонија | 1602-81/45 од 15.05.2013 | Проф. д-р Љупчо Блажевски | Олгица Поп-Андонова |
| 16 | Данок на додадена вредност | 1602-81/46 од 15.05.2013 | Проф. д-р Љупчо Блажевски | Натали Дечовска |
| **Факултет за природни и технички науки** | | | | |
| 1 | Геомеханички истражувања за дефинирање на траса за далекувод | 2202-187/9 од 04.05.2012 | Проф. д-р Тодор Делипетров | Леко Ристовски |
| **Факултет за информатика** | | | | |
| 1 | Креирање на мултиплатформски мобилни аплокации | 2002-39/28 од 14.02.2013 | Проф. д-р Владо Гичев | Далибор Серафимовски |
| 2 | Методолошки споредби при креирањето на онлајн содржини за електронско учење со примена на спецификациите SCORM и Common Cartridge | 2002-57/9 од 17.04.2013 | Доц. д-р Зоран Здравев | Марина Иванова |
| 3 | Дизајн на мобилна интерактивна апликација за едукација на деца од предучилишна возраст (Designing mobile interactive application for education support of presehool Children) | 2002-57/18 од 17.04.2013 | Доц. д-р Наташа Коцеска | Ивана Стојанова |
| 4 | Информациски системи за мониторинг и анализа на климатските промени во Република Македонија | 2002-57/7 од 17.04.2013 | Доц. д-р Зоран Здравев | Сања Стефанова |
| **Економски факултет** | | | | |
| 1 | Правни акти на ЕУ за користење на водите-компаративна анализа на ЕУ и Р. Македонија | 1702-69/6 од 15.03.2013 | Проф. д-р Милан Илиевски | Сузана Трајчева |
| 2 | Европско интересно групирање во ЕУ | 1702-364/6 од 25.12.2012 | Проф. д-р Милан Илиевски | Даниела Колева |
| | Глобалните предизвици и улогата на лидерството во промоција, спроведување и развој на општествената одговорност на претпријатијата | 1702-133/13 од 25.05.2012 | Проф. д-р Трајко Мицески | Славе Веловски |